| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Како да се заштитам од опасности |
| **Содржина на денот** | Безбеден дом |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Бојана Алексоска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Усвојување на здрави и безбедни навики на однесување во домот. |
| **Активности** | Децата имаат постојана потреба за игра. Нивната љубопитност е голема и е од суштинско значење за нивниот развој. Тие постојано го истражуваат светот околу нив и така непосредно учат и усвојуват нови вештини и навики. Затоа Вие како родители треба да создадете безбеден простор во домот во кој Вашите деца ќе можат безбедно да играат без да се повредат. Разговарајте со децата и посочете им како, каде и со што можат да си играат во домот. Укажете им дека има работи кои не треба да ги допираат и прават во домот како: кабли за струја, штекери, пегла, шпорет, топла вода, качување на прозор, кревети, трчање по скали и слично.<br>Бидете постојано присутни додека децата играат и моделирајте го нивното однесување.<br>Заедно со вашите деца може да направите слики за штетни и опасни ситуации во домот. Обојте ги заедно и користете разни бои и потоа закачете ги на различни места  во домот кои ќе бидат потсетник и знак на Вашето дете за безбедно однесување. |